Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-248/2
03.03.2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 572/1 од 21.8.2024 година, поднесена од [redacted] против Царинска управа – граничен премин Ново Село за сторена дискриминација врз основа на етичка припадност и државјанство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 7.11.2024 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ЗАПИРА** постапката заведена под архивски број 08 - 572 од 21.8.2024 година заради претходно постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

## Образложение

На ден 21.8.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност и државјанство од страна на подносителите [redacted] против Царинска управа на Република Северна Македонија – граничен премин Ново Село.

Комисијата утврди дека веќе постапувала и донела Мислење бр. 08-451/8 од 29.8.2024 година со кое не утврдила дискриминација врз основа на државјанство во областа на пристапот до добра и услуги и правосудство и управа, постапувајќи по претставка бр. 08-451/1 од 11.6.2024 година, поради недостаток на нови докази, утврдена е истата фактичка состојба како и во претставката 08-572/1 од 21.8.2024 година. Во врска со претходното, член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи *„Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот."*

Врз основа на горенаведеното, согласно член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не поведе постапка за заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk